СТОПАНСКА КОМОРА
НА МАКЕДОНИЈА
ECONOMIC CHAMBER
OF MACEDONIA

**ГРУПАЦИЈА НА МЕЃУНАРОДНИ ШПЕДИТЕРИ**
**И ЛОГИСТИЧКИ ОПЕРАТОРИ - МИФА**

Бр.29-2376/3
10.09.2015 год.
С к о п ј е

# ИНИЦИЈАТИВА

## за изменување и дополнување на Царинскиот закон (Службен весник на РМ, бр. 39/2005, 4/2008, 48/2010, 158/2010, 44/2011, 53/2011, 11/2012, 171/2012, 187/2013, 15/2015, 129/2015)

Законот за изменување и дополнување на Царинскиот закон („Службен весник на РМ" бр. 129/2015 од 31.07.2015 година), во однос на прекршочните одредби воведува неколку решенија кои може да имаат значителни негативни импликации по работењето на членките на Групацијата на меѓународни шпедитери и логистички оператори.

Имено, иако воведените измени се во насока на усогласување на овие одредби со одредбите на новиот Закон за прекршоците („Службен весник на РМ" бр. 127/2015 од 29.07.2015 година), истите отстапуваат од една од основните цели за донесувањето на новиот Закон за прекршоците - нивелирање на санкциите согласно со економската моќ на субјектите, и драстично намалување на казните за компаниите, во насока на значително подобрување на условите за работа на фирмите во Република Македонија.

Напротив, измените одредби со кои се уредуваат прекршоците во Царинскиот закон наместо намалување на прекршочните санкции кои ги плаќаат компаниите, ќе доведат до неколкукратно зголемување на тие износи.

На пример, за прекршоците уредени во членот 263 став 1 од Царинскиот закон, досегашното уредување кое предвидувало глоба во износ од 5.000 до 100.000 евра, се заменува со глоба во износ од 33.000 евра. Доколку на овој износ се применат критериумите за одмерување на висината на глобата, уредени со новиот Закон за прекршоците, тоа би значело дека минималниот износ на глоба кој би можел да биде изречен на некој деловен субјект (доколку би имал вкупен приход остварен во претходната фискална година во износ од 0 до 500.000 денари, и просечен број на вработени од 0 до 9) би изнесувал 15% од износот на пропишаната глоба, односно износ од 4.950 евра, што е

Ул. Димитрие Чуповски бр 13, МК-1000 Скопје, Република Македонија
Тел: 3244 034, Факс: 3244 088, president@mifa.org.mk, biljana@mchamber.mk ,
www.mifa.org.mk

несразмерно голем износ ако се земат предвид остварените приходи на таа компанија во претходната фискална година, и наведеното би значело дека глобата би требало да надминува повеќе од 60% од остварените годишни приходи на таа компанија, што секако не соодветствува на принципот на сразмерност во казнувањето.

Од друга страна, најголемиот број на компаниите од овој сектор, потпаѓаат под категоријата на субјекти кои во претходната фискална година оствариле приходи во износ од 20.000.001 до 100.000.000 денари (што во својата суштина не е реален одраз на економската моќ на овие субјекти, туку резултат на природата на дејноста која ја вршат), што, земено заедно со бројот на вработени во компаниите од овој сектор, би значело дека глобата за овие субјекти би требало да биде одмерена во износ од 65-75% од износот на пропишаната глоба во членот 263 став 1 од Царинскиот закон, односно дека овие субјекти во најголемиот број на случаите ќе треба да платат глоба во износ од 21.450 евра до 24.750 евра. Ако се земе предвид фактот дека во минатото за најголемиот број на компаниите за прекршоците уредени со членот 263 им била изрекувана глоба во износ од 5.000 евра (впрочем според искуствата на компаниите во досегашната примена на овие одредби, највисокиот износ на глоба изречен според оваа одредба изнесувал 15.000 евра, и тоа било направено единствено во мал број на случаи), наведените износи значат речиси петкратно зголемување на износот на глоба кој треба да го платат овие субјекти.

Истото се однесува, на пример, и на глобите уредени во членот 26 став 1, во кој досегашното уредување кое предвидувало глоба во износ од 1.000 до 30.000 евра, се заменува со глоба во износ од 8.000 евра. Наведеното значи дека минималниот износ на глоба кој би можел да биде изречен по овој основ би изнесувал 1.200 евра (што е повисок износ од претходно определениот минимум), а дека најчесто на компаниите од овој сектор би требало да им биде определувана глоба во износ од 5.200 до 6.000 евра, што е повторно повеќе од петкратно зголемување на износот на глоба кој треба да го платат овие субјекти, особено ако се има предвид фактот дека во практиката според овој член најчесто била изрекувана глоба во износ од 1.000 евра. Наведеното се однесува и на сите останати одредби во кои се менува износот на прекршочните санкции.

Дополнително, за компаниите од овој сектор значително оптоварување ќе претставува режимот на мандантниот платен налог, уреден со членот 266 од Царинскиот закон. Имено, досегашното уредување предвидуваше дека по утврдување на царински прекршок од членот 263 став (1) точки 10 и 11, членот 264 или членот 265 во врска со членот 263 став (1) точки 10 и 11 и членот 264 на Царинскиот закон, царинскиот службеник на сторителот на прекршокот ќе му врачи платен налог во износ од 500 евра во денарска противвредност за правно лице, односно во износ од 100 евра во денарска противвредност за физичко лице, кој субјектите најчесто го плаќаа во предвидениот рок, користејќи ја можноста да платат само половина од определениот износ (што во најголемиот број на случаите беше користено како можност од страна на субјектите на кои им е врачен платен налог). Изменетото уредување на членот 266 ги задржува истите износи на глобата која може да биде изречена според овие основи, но мандатниот платен налог не предвидува можност да се плати половина од изречената глоба во определениот рок – напротив, доколку истиот не биде платен во рок од осум дена, истиот има сила на извршна исправа и претставува

основа да се спроведе присилно извршување. Со оглед на наведеното, уредувањето на мандатниот платен налог во членот 266 од Царинскиот закон ќе има сериозни неповолни финансиски импликации врз работењето на субјектите од овој сектор.

Од друга страна, иако Законот за прекршоците помеѓу санкциите кои можат да им бидат изречени на сторителите на прекршок ја уредува и опомената, истата не е изречно уредена во Царинскиот закон, поради што истата во практиката воопшто не се применува од страна на царинските службеници. Сепак, во вршењето на својата дејност, поради природата на работата која ја вршат, шпедитерските друштва често се случува да не исполнат некоја своја обврска од помал карактер (поради техничка грешка или непоседување на потребните податоци), при што самите субјекти, веднаш штом го увидат пропустот, самите се обраќаат до надлежните органи, ја исполнуваат во целост својата обврска, и ја отстрануваат настанатата штета.

Наведеното се однесува на ситуации кои многу често се јавуваат во секојдневното работење на шпедитерските друштва, а кои се однесуваат на ненамерни технички грешки при пополнувањето на царинските декларации, што може да доведе до плаќање на царинските давачки во помал износ. Досегашната практика покажува дека самите шпедитери, по воочувањето на техничката грешка, ја корегираат поднесената царинска декларација и вршат уплата (доколку е потребно) на зголемените царински давачки, односно самите ја воочуваат грешката, ги отстрануваат настанатите последици од направените пропусти и за тоа го известуваат надлежниот царински орган, кој потоа им изрекува прекршочна санкција за наведените дејствија. Поради наведеното, сметаме дека во наведените ситуации постојат оправдани околности на овие субјекти да им биде изречена опомена, наместо да им биде определена глоба.

Поради наведеното, предлагаме наведените одредби од Царинскиот закон да претрпат измени во следната насока:

I. Да се намалат износите на пропишаните глоби за прекршоците уредени со Царинскиот закон, на следниот начин:

   - во членот 263 став 1 бројот „33.000“ да се замени со бројот „5.000“;

   - во членот 264 став 1 бројот „8.000“ да се замени со бројот „1.000“;

   - во членот 265 став 1 бројот „33.000“ да се замени со бројот „5.000“, а бројот „8.000“ да се замени со бројот „1.000“;

II. Да се ревидира уредувањето на мандатниот платен налог, уреден во членот 265 од Царинскиот закон, на начин што ќе се намали износот на глобата која се изрекува со мандатниот платен налог, односно бројот “500“ да се замени со бројот „100“, а бројот „100“ да се замени со бројот „20“;

III. Изречно да се уреди можноста овластениот царински службеник да може да изрекува опомена за прекршоци од особено лесен карактер, кои ги исполнуваат следните услови:

   - доколку станува збор за техничка грешка при пополнувањето на царинската декларација, а субјектот по воочувањето на направените технички грешки самиот ја корегира поднесената

царинска декларација и ја надомести евентуално настанатата штета, односно ги доплати помалку платените царински давачки, при што висината на тој износ не треба да е повисок од една просечна месечна плата исплатена во Република Македонија во тековниот месец.

- доколку станува збор за неисполнување на обврска од страна на субјектот поради непоседување на потребните информации, а висината на помалку платените царински давачки не треба да е повисок од една просечна месечна плата исплатена во Република Македонија во тековниот месец.

Се надеваме дека нашите предлози ќе бидат земени предвид и дека наведените одредби од Царинскиот закон ќе претрпат измени во насока на корегирање на прекршочните одредби со цел да се постигне нивелирање на санкциите согласно со економската моќ на субјектите и ќе доведе до намалување на казните за компаниите.

Со почит,

Претседател

Ѓино Шкријељ

Стопанска комора на Македонија
Economic Chamber of Macedonia
Macedonian International Forwarders Association - MIFA
Групација на Меѓународни Шпедитери - МИФА